**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6480 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
*(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*“
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
*(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*“
- **Член 75-б од Изборниот законик**
„*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект.“*

## 6. Констатации од надзорот:

### Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик

*Дневно-информативни емисии*

Овој, десетти по ред извештај, се однесува на периодот од 1 до 9 декември, односно на вториот, овој пат деветдневен период, во кој се анализира изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии во текот на изборната кампања. Примерокот, согласно Методологијата, е проширен на две дневно-информативни емисии од ударното време и опфаќа по девет изданија на Вестите во 19.00 часот, емитувани на албански јазик, и Вестите во 22.00 часот, емитувани на македонски јазик. Вкупното времетраење на анализираните прилози, поврзани со изборниот процес, емитувани во деветдневниот период е 3 часа 55 минути и 21 секунда.

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ Алсат М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:13 | 4,18 | % |
| Локална самоуправа | 00:06:03 | 11,41 | % |
| Без субјекти | 00:03:27 | 6,51 | % |
| Влада на РМ | 00:17:53 | 33,73 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:47 | 7,14 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:06:18 | 11,88 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:04 | 2,01 | % |
| Други субјекти | 00:05:39 | 10,66 | % |
| Претседател на РМ | 00:04:03 | 7,64 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:34 | 4,84 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:53:01** | 100 | % |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Граѓански сектор | 00:12:55 | 9,55 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:15:27 | 11,42 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:10:58 | 8,11 | % |
| Беса | 00:03:34 | 2,64 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:03:13 | 2,38 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:33:04 | 24,44 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:09:39 | 7,13 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:09:20 | 6,90 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:02 | 2,98 | % |
| ДИК и други органи | 00:13:53 | 10,26 | % |
| Други субјекти | 00:08:39 | 6,39 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:20 | 3,20 | % |
| Без субјекти | 00:05:18 | 3,92 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Либерална партија | 00:00:28 | 0,34 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:28 | 0,34 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:15:18** | 100 | % |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:06 | 19,35 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:09:16 | 19,70 | % |
| Беса | 00:06:44 | 14,32 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:07:41 | 16,34 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:08:15 | 17,54 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:06:00 | 12,76 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:47:02** | 100 | % |

Со почетокот на изборната кампања, во сила влегува принципот за утврдување на балансот во известувањето за активностите на учесниците во изборната кампања – според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, и имајќи го предвид интензитетот на кампањата. Во двете анализирани изданија на вестите, за известување од активностите во кампањите на коалициите и партиите се издвоени 47 минути и 2 секунди (Табела 1). Од четирите политички субјекти кои имаат по седум листи со потврдени кандидати за пратеници, е известувано за активностите на три политички субјекти, а времето е распределено на следниов начин: за Демократската унија за интеграции – 9 минути и 6 секунди, за Коалицијата предводена од СДСМ – 8 минути и 15 секунди и за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 7 минути и 41 секунда. За Коалицијата ВМРО за Македонија не се емитувани информации. Меѓу субјектите кои имаа по пет листи со потврдени кандидати за пратеници (ДПА, ЛП и Левица), медиумот одвои простор само за Демократската партија на Албанците – 9 минути и 16 секунди, а за другите две партии не се емитувани информации. Следени се уште активностите на двата политички субјекта коишто имаат по четири листи со потврдени кандидати за пратеници: Движењето Беса – 6 минути и 44 секунди и Коалицијата „Алијанса за Албанците" – 6 минути. Воопшто не се емитувани информации за Коалицијата за промени и правда – Трет пат (со шест листи со кандидати) и Партијата за демократски просперитет, која има една листа со потврдени кандидати за пратеници, во шестата изборна единица.

За активностите на органите на власт е информирано во прилози со траење од 53 минути и 1 секунда (Табела 1). Станува збор за прилози поврзани со: предметите на Државната комисија за спречување корупција против министерот за внатрешни работи и СДСМ – изјава на министерот за внатрешни работи, буџетот на град Скопје – изјава на градоначалникот, акцијата „Ден на дрвото" – соопштение на град Скопје, финансиската состојба на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, проблемот со недостиг од градинки во Куманово – изјава на градоначалникот, истрага за малтретирање на лицата на кои им се суди во случајот „Дива населба" – соопштение на заменик министерот за внатрешни работи, реновирање на кров на основно училиште – изјави на директорот на училиштето и министерот за образование, опстојувањето на катедрата за албански јазик при УКИМ – меѓусебни обвинувања на министерството за образование и министерството за финансии, трошоци на министерствата и органите на државна управа за репрезентации – изјава од министерството за економија, обраќање на претседателот Иванов за фер и мирни избори, проблеми со греењето во училиштата во општина Липково – изјава на градоначалникот, трошоците за украсување на општина Тетово – изјава на претставник од општината.

Вкупното времетраење на прилозите за други теми поврзани со избори е 2 часа 15 минути и 18 секунди (Табела 1). Во оваа тема се категоризирани прилозите кои говорат за ставовите на експертите/аналитичарите, на граѓанските здруженија, за активностите на странски субјекти поврзани со изборниот процес, работата на Државната изборна комисија итн. Демократската унија за интеграции се јавува во оваа тема поради прилозите во коишто се говори за партијата поврзани со: доставените финансиски извештаи до ДИК, гостувањето на претседателот на партијата во емисијата „Патот кон" (извадок од

емисијата), ветувањата на двете најголеми партии од албанскиот политички блок за преземање на некои од клучните државни функции, партиските трошоци за изборната кампања, поставувањето партиски активист за претседател на Општинската изборна комисија во Струга, пријавувањата на гласачите од дијаспората реализирани од една електронска адреса, гостувањето на партиски претставници во дебатните емисии „200" и „Патот кон" (извадоци од емисиите), партиските апели за мирни избори. Демократската партија на Албанците е дел од прилозите поврзани со: гостувањето на претседателот на партијата во емисијата „Патот кон" (извадок од емисијата), инфраструктурното запоставување на средините населени со Албанци во Скопје од страна на градските власти – изјава на претставник на партијата, доставените финансиски извештаи до ДИК за трошоците во кампањата, гостувањето на партиски претставници во дебатните емисии „200" и „Патот кон" (извадоци од емисиите), партиските апели за мирни избори. Коалицијата предводена од СДСМ е дел од категоријата други теми поврзани со избори поради информациите за: ненаменските тошоци од буџетот на градот Скопје – изјава на партиски претставник, доставените финансиски извештаи до ДИК за трошоците во кампањата, предизборните ветувања на двете коалиции од македонскиот политички блок за висината на платите и реформите во администрацијата, меѓусебните пријави на двете коалиции во врска со прекршувања на Изборниот законик, реториката на Груевски и на Заев од партиските митинзи, прифатените пријави, поднесени од СДСМ од страна на Државната комисија за спречување корупција, партиските апели за мирни избори. Појавувањето на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ се должи на прилозите поврзани со: доставените финансиски извештаи до ДИК за трошоците во кампањата, партискиот став за продолжувањето на мандатот на СЈО – изјава на лидерот на ВМРО ДПМНЕ, ветувањата на двете коалиции од македонскиот политички блок за висината на платите и реформите во администрацијата, меѓусебните пријави на двете коалиции во врска со прекршувања на Изборниот законик, реториката на Груевски и на Заев од партиските митинзи, партиските апели за мирни избори. Движењето Беса е дел од прилозите кои говорат за: доставените финансиски извештаи до ДИК за трошоците во кампањата, гостувањето на партиски претставници во дебатните емисии „200" и „Патот кон" (извадоци од емисиите), партиските апели за мирни избори. Појавувањето на Коалицијата „Алијанса за Албанците" е поради емитуваните прилози од дебатните емисии во кои гостуваат преставници на коалицијата и прилогот посветен на партиските апели за одржување фер и демократски избори. Двата политички субјекта (Либерална партија и Коалиција ВМРО за Македонија) се дел од оваа тема поради збирниот прилог кој се однесува на доставените финансиски извештаи до ДИК за првите десет дена од изборната кампања.

Времето на директните обраќања е збирно од сите прилози коишто припаѓаат на некоја од трите теми прикажани во Табела 1 (активности на органи на власт, други теми поврзани со избори, активности на учесници во изборна кампања и кандидати) (Табела 2).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Алсат М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Граѓански сектор | 00:07:33 | 8,57 | % |
| Други субјекти | 00:04:23 | 4,98 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:15 | 1,42 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:22:32 | 25,59 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:11:19 | 12,85 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:05:21 | 6,08 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:10:47 | 12,25 | % |
| Беса | 00:04:42 | 5,34 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:04:31 | 5,13 | % |
| ДИК и други органи | 00:04:45 | 5,39 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:27 | 0,51 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:04:26 | 5,04 | % |
| Влада на РМ | 00:01:58 | 2,23 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:00:38 | 0,72 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:06 | 0,11 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:03 | 1,19 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:31 | 1,72 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:46 | 0,87 | % |
| | **Вкупно: 01:28:03** | 100 | % |

***Посебни информативни емисии***

*Дебати*

Емитувани се вкупно седум дебати, по две во емисиите „Економски магазин", „Патот кон" и „360 степени" и една во рамки на емисијата „200". Емитувани се и вкупно шест репризи на емисиите.

Првото дебатно издание во овој десетти по ред извештаен период, е емитувано на 1 декември во рамки на емисијата што разработува теми од областа на економијата, „Економски магазин". Гости во емисијата беа Бранимир Јовановиќ, професор на Институтот за општествени и хуманистички науки и Висар Адеми, економски аналитичар. Разговараа за економските понуди во програмите на политичките партии и дали тие нудат реални планови за економски развој или се само популистички ветувања. Наредниот ден, во раните часови, емисијата беше репризирана.

На 2 декември, во рамки на емисијата „360 степени", гостуваа Марко Трошановски од Институтот за демократија, академик Абдулменаф Беџети и новинарката Маја Петрушевска. Разговараа за кампањите на партиите, обраќањата на политичките лидери, резултатите од испитувањата на јавното мислење. Дебатата беше репризирана наредниот ден, во раните утрински часови.

На 6 декември, изданието на емисијата „200" беше реализирано со четворица претставници од политичките субјекти на Албанците во Македонија. Гостуваа Изет Меџити од ДУИ, Бардул Даути од ДПА, Зеќирја Ибраими од Движењето Беса и Агрон Ферати од Коалицијата „Алијанса за Албанците". Разговараа за нивните партиски ветувања во изборната кампања и за пораките што како политички субјекти ги упатуваат до гласачите. Одговараа и на прашањата поставени од гледачите. Емисијата е репризирана на 7 декември, наутро.

Истиот ден, 7 декември, е емитувана дебата со претставници од истите политички субјекти кои гостуваа во емисијата „200". Во емисијата „Патот кон" гостуваа Ејуп Халими од ДУИ, Орхан Ибрахими од ДПА, Неџмедин Садику од Коалицијата „Алијанса за Албанците" и Африм Гаши од Движењето Беса, сите кандидати за пратеници во втората изборна единица. Дискутираа за политичките платформи и предизборните понуди на партиите во врска со економскиот развој, намалувањето на невработеноста, развојот на приватните бизниси. Емисијата е репризирана наредниот ден, рано наутро.

Второто издание на „Патот кон" во овој последен извештаен период е емитувано на 8 декември. Гостуваа кандидатите за пратеници од 6-та изборна единица – Талат Џафери од ДУИ, Бардул Даути од ДПА, Амир Елези од Движењето Беса и Ремзи Мемеди од Коалицијата „Алијанса за Албанците". Дискутираа за партиските понуди во врска со економскиот развој на подрачјата од изборната единица во која се кандидирани. Дебатата е репризирана на 9 ноември.

На 8 ноември е емитувано уште едно издание на „Економски магазин" во кое гостуваа универзитетската професорка Никица Мојсовска и Зоран Витанов, претседател на Асоцијацијата на менаџери. Дискутираа за тоа која партија нуди пореална економска програма и кои се очекувањата за економијата по изборите од 11 декември. Репризата е на 9 декември, наутро.

Последниот ден од овој извештаен период, во рамки на емисијата „360 степени" дебатираа новинарката Јадранка Костова, политичкиот аналитичар Ибрахим Мехмети и Дарко Алексов од невладината организација „Мост". Разговараа на повеќе теми: Каков ќе биде исходот од гласањето на 11 декември; Доверливоста во избирачкиот список; Обидите за манипулација со гласањето на болните и немоќните лица и др.

*Интервјуа*

Во овој десетти по ред извештаен период, премиерно е емитувано само едно интервју, со лидерот на Демократската унија за интеграции, Али Ахмети. Разговорот беше емитуван во рамки на емисијата „Патот кон" од 1 декември. Беше дискутирано за предизборната платформа на ДУИ, за реализираните и нереализираните проекти на партијата како дел од власта, официјализирањето на албанскиот јазик како втор службен јазик во државава, пораките на митинзите упатени кон другите партии од албанскиот политички блок. Интервјуто е репризирано на 2 декември, рано наутро.

Во рамки на овој извештаен период е репризирано и интервјуто со претседателот на ДПА, Мендух Тачи, реализирано на 30 ноември, во рамки на претходниот извештаен период.

*Друга информативна програма*

Во изданието на емисијата „360 степени" од 5 декември, се емитувани три истражувачки стории и два разговора. Истражувачките стории се на следниве теми: 1. Стотици пријави за гласање во дијаспората, наведени исти електронски адреси за контакт. Дали изборниот процес е поткопан?; 2. Каде завршуваат парите на македонските даночни обврзници? „360 степени" во Швајцарија по трагите на тајните сопственици на македонската фирма „Ексико"; 3. Можеше ли да се спречат жртвите од поплавите во скопско?. Емитуваните разговори се со специјалната обвинителка Фатиме Фетаи, во врска со работата на СЈО и со Јелко Кацин, амбасадор на Словенија во НАТО, во врска со министерскиот состанок на НАТО во Брисел, каде Македонија и Балканот биле една од темите на разговор. Репризата е на 6 декември.

***Сектор за програмски работи***